РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ
AGJENSIONI PËR ADMINISTRIM ME PRONËN E KONFISKUAR
Бр.-Nr. 03-2566/1
20.06 20 19 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 20 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (Сл.Весник на Р.М бр 98/08, 145/10, 104/13 , 43/14, 160/14, 97/15,148/15 и 64/18) и член 23, став 4 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/05, 03/08 и 124/10), а во врска со член 10, став 2, алинеја 4 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен Весник на Република Македонија" бр. 38/09, 158/2010), Директорот на Агенцијата за управување со одземен имот донесе:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ПРАВЕЊЕ НА СИГУРНОСНА КОПИЈА, АРХИВИРАЊЕ И ЧУВАЊЕ, КАКО И ЗА ПОВТОРНО ВРАЌАЊЕ НА ЗАЧУВАНИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

## Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци кои се обработуваат во Агенцијата за управување со одземен имот во својство на контролор.

## Член 2

Контролорот задолжително врши редовно снимање на сигурносна копија и архивирање на податоците во информацискиот систем за да се спречи нивно губење или уништување.

За правење на сигурносна копија од став 1 на овој член, контролорот располага со сервер за поддршка (Back-up server) во кој секој работен ден се меморираат внесените податоци така што, во случај на пад на информацискиот систем, или негово оштетување од каква било причина, сите податоци остануваат сочувани во серверот за поддршка.

## Член 3

Заради заштита од неовластен пристап, серверот за поддршка кој претставува сигурносна копија на сите снимени податоци е сместен во безбедна просторија заштитена со сигурносна брава до која имаат пристап само овластени лица од контролорот.

## Член 4

Администраторот задолжително прави сигуроносни копии секој работен ден и на крајот од работната седмица, а по потреба и секој последен работен ден во месецот.

Сигуроносните копии се прават на начин што се гарантира постојана можност за реконструирање на личните податоци во состојба во која биле или бидат изгубени или уништени.

Контролорот задолжително ја проверува функционалноста на сигуроносните копии за вршење реконструкција на личните податоци.

Задолжително прави дополнителна сигурносна копија на податоците од серверот за поддршка на медиум, на крајот од работната недела и секој последен работен ден во месецот.

Направената сигурносна копија од став 1 на овој член, подлежи на физичка и криптографска заштита, со што се оневозможува каква било модификација на содржината на истата.

По извршеното копирање на личните податоци содржани во електронските документи, сигурносната копија се носи на друга оддалечена безбедна локација која се

наоѓа надвор од просторијата во која се чуваат серверите или персоналните компјутери во кои се сместени збирките на личните податоци за кои се прави сигуроносна копија.

Сигуроносните копии коишто се чуваат на друга одалечена локација од местото каде е сместен информацискиот систем ќе бидат заштитени со соодветни технички и организациски мерки.

Меѓусебните права и обврски на контролорот и правното, односно физичкото лице каде се чуваат сигуроносните копии ќе се уредат со писмен договор во којшто задолжително ќе бидат содржани техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци.

Пристап до оддалечената безбедна локација каде се чува медиумот имаат само овластени лица од контролорот, при што медиумот се чува затворен во сеф со безбедносна брава и кој е обезбеден од физички влијанија (кражба, пожар, поплава и други влијанија).

**Член 5**

При повторно враќање на зачуваните лични податоци, се врши евидентирање на корисникот кој е овластен за извршување на операциите за повторно враќање на податоците, датумот на враќањето на податоците, категориите на податоците кои се вратени и кои биле рачно внесени при враќањето.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила од денот на донесување , а стапува во сила по негова објава на веб страната на Агенцијата за управување со одземен имот.

Агенција за управување со одземен имот
Директор
Фатон Асани